Врз основа на член 19 став 2 точка 2 од Законот за Јавни претпријатија(Службен весник на РМ" бр.38/96, бр.9/97, бр.6/02, бр.40/03, бр.49/06, бр.22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" Управниот одбор на седницата одржана на 13.12.2024 година ја донесе следната:

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр.02-175/8
13-12 2024 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за 2025-2026 година

**Член 1**

Се усвојува Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за период 2025-2026 година

**Член 2**

Составен дел на Одлуката е Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за период 2025-2026 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а се применува од денот на добивање на согласност од страна на основачот-Советот на Општина Гази Баба.

**ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**

---------------------------------

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01


Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 01-176/4
13.12 2024 год.
СКОПЈЕ

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА 2025-2026 година**

ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА НАБАВКА НА ВОЗИЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВИТАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД ЗНАЧИТЕЛНА ВАЖНОСТ ЗА ЈКП "ГАЗИ БАБА 2007" СКОПЈЕ
ЗА ПЕРИОД 2025-2026 ГОДИНА

Скопје Декември 2024 Година

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Бабаза и Реконструкција на Витални Објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба 2007" Скопје за период 2025-2026 година

## 1.Вовед

Со оваа програма се уредува оддржувањето на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба, видот, обемот, начинот, динамиката на извршувањето на активностите, како и начинот на финансирање на Развојната Програма и надзорот за нејзино спроведување. Реализацијата на програмата е предвидена за двете наредни календарски години, 2025 и 2026 година. Со реализацијата на оваа програма ќе се намалат трошоците за работа во делот на транспорт на отпад, ќе се подобрат условите за работа на вработените на ЈКП "Гази Баба 2007"- Скопје, ќе ја зголеми енергетската ефикасност. ЈКП ќе добие можност за зимско одржување на улиците надлежност на Општина Гази Баба , зголемена ефикасност при интервенција на теренските активности надлежност на ЈКП Гази баба 2007 како и подобрување на хигиената во Општина гази Баба, но и се она што преставува основна дејност на Претпријатиeто. Возила и дополнителните додатоци , објекти, постојки и интервенции кои треба да се набават или реализираат ќе се користат за доле наведените активности:

1.Чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавни објекти.
2.Собирање на сметот , листови ирастителен отпад
3.Чистење на снег во зимски услови
4.Чистење на диви депонии
5.Чистење и оддржување на водоводна и каналската мрежа
6. Зголемена енергетска ефикасност
7. Зголемување на капацитетите на претпријатието
8. Интервенции при пожар или други елементарни непогоди на ридско планински терени.

## 2.Механизација

Сметот и органскиот отпад претставува збир на отпадоци кои се создаваат при оддржување на јавна чистота, а неговото собирање подразбира отстранување и сметување во садови за смет. Сметот и органскиот отпад се создава секојдневно и сезонски. За таа намена потребно е да се набават возила кои ќе можат истиот тој смет да го соберат, безбедно да го транспортираат и истиот да го одложат на

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

вистинско место.

За да може да се оддржува и негува јавното зеленило и јавната чистота, како и поквалтетни и побрза интервенција на непристапни терени, ЈКП "Гази Баба 2007" има потреба да се набават дополнителни возила и механизација со кои што во иднина ќе може навремено да се одговори на сите барања на жителите на Општина Гази Баба. Со цел реализација на програмата, потребно е да се набават следните возила и механизација:

А) Комбинирано возило за метење и миење
Б) Комбинирано возило за зимско одржување

**А ) Комбинирано возило за метење и миење**

Загадувањето со ПМ честици станува се поизразен проблем во нашата општина. Со оглед на тоа дека станува збор за цврсти честици од различно потекло сметаме дека набавката на едно вакво возило кое би ја собирало целата прашина од јавните цврсти површини , ќе допринесе за намалување на истото. Возилото би било тип средна големина, во можност на додатоци за метење како и миење на улици. Опционо дополнителни додатоци би биле предност.

**3. Изградба на објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба 2007"**

**А ) Изградба на нови филтер станици**

Години station наназад водоводниот систем на н.м Булачани при обилни врнежи од дожд има проблем со појава на матност на водата во истиот предизвикана од примеси на земја која се инфилтрира преку самите каптажи односно извори . Истите потоа навлегуваат во системот за водоснабдување и се таложат во цевководите, односно резервоарите и бараат процедура за чистење со што одреден период од денот корисниците не добиваат водоснабдување се до санирање на последиците. Поради тоа во делот предвиден за реконструкција или изградба на објекти спственост или користени од ЈКП Гази Баба 2007 планираме изградба на следниот објект за кој постапката е започната мината 2024 година.

а) Филтер станица Булачани втора фаза
б) Изградба на нова пумпена станица за Црешево и Смилковци

**А) Изградба на филтер станица Булачани втора фаза**

Реализацијата на овој дел од програмата започна тековната 2024 година а реализацијата на истата очекуваме да заврши наредната 2025. Според анализите направени од надлежни институции во период на пообилни врнежи во водоводните системи се појавува матност на водата предизвикана од цврсти честици- земја кои поројната вода ги носи и ги инфилтрира во нашите

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

каптажи односно извори. За таа цел ЈКП Гази Баба планира да набави и вгради филтри за водоводниот систем на н.м Булачани кои би ја елиминирале матноста на водата во овој систем со што трајно би се елиминирале последиците од поројните води кои ја заматуваат водата во истиот.
Овој тип на филтри се на база на „ песочна „ филтација со повратно автоматско испирање кога системот детектира заситување и тоа најчесто користејќи го сопствениот притисок , со што се намалуваат трошоците за менување мембрани за филтрација, а користат многу малку електична енергија .

Б) **Изградба на нова пумпена станица за Црешево и Смилковци**

Водоснабдувањето на населените места Црешево и Смилковци се врши преку пумпента станица во кругот на Фабриката Железара каде што постојките за водоснабдување се во надлежност на РЖ услуги. Во изминатата година дефектите на нивниот водоснабдителен систем од разни причини зачестија и предизвикаа прегорување на неколку наши пумпи за водоснабдување а водоснабдувањето беше во прекин повеќе пати. Едно од решенијата за избегнување на ваквите проблеми е изградба на нова линија, со нова пумпена станица со која ове две населени места би добиле дотур на вода директно од системот на ЈП Водовод и Канализација на Град Скопје. Поради тоа во оваа развојна програма предвидуваме изградба на нова пумпена станица на локација утврдена од ЈП Водовод и Канализација на Град Скопје, додека цевководот би го изградила Општина Гази Баба.

**6. Финансиска конструкција за реализација на Програмата за 2025**

| | |
|---|---|
| А. Комбинирано возило за метење и миење | 9 000 000 ден |
| Б. Филтер станица Булачани втора фаза | 3 200 000 ден |

А+Б+В = 12 200 000,00 ДЕНАРИ

**7. Финансиска конструкција за реализација на Програмата за 2026**

| | |
|---|---|
| А1. Камион цистерна за перење на улици и зимско одржување | 5.000.000,00 |
| Б1.Изградба на нова пумпена станица за Црешево и Смилковци | 5.000.000,00 |

А.1+Б.1=10 000 000,00 ДЕНАРИ

А1+Б1+А+Б+В= 22 200 000,00 ДЕНАРИ

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"
ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007"
ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

**9. Финансирањет на Програмата ќе се обезбеди од:**

- Буџетот на Општина Гази Баба
- Други средства утврдени со Закон

**10. Надзор при реализација на Програмата**

Надзорот за спроведувањето на Програмата ќе се врши од страна на овластено лице од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**ЈКП "ГАЗИ БАБА 2007"-Скопје**
**в.д.Директор**
**Игор Атанасовски**

-------------------------------

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ